Life WINNER
VIENNA INSURANCE GROUP

Акционерско друштво за осигурување
ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп
Бр. 02-5804/1
23.08 2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 375 од Законот за трговски друштва, член 163 став 1, точка 10 од Законот за супервизија на осигурувањето, член 2 точка 12 и член 3 точка 12 од Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување, како и член 32 од Статутот на Акционерското друштво за осигурување ВИНЕР ЛАЈФ – Виена Иншуренс Груп Скопје (во понатамошниот текст: Друштвото), Управниот одбор на Друштвото на својата 27ма редовна седница на 23.08.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за воведување нов производ „Лајф Инвест 2“, усвојување Услови за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Лајф Инвест 2 (WLUL-10/2024)**
**и усвојување Технички план на производот**

**Член 1**

Се усвојува Одлуката на Управниот одбор на Друштвото за воведување на производот „Лајф Инвест 2“ како нов производ на животно осигурување.

**Член 2**

Се усвојуваат Услови за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Лајф Инвест 2 (WLUL-10/2024).

**Член 3**

Се усвојува Технички план на производот од член 1 на оваа Одлука.

**Член 4**

Производот од член 1 на оваа Одлука претставува осигурување на живот од класа 21 – Осигурување на живот во врска со удели во инвестициски фондови, поврзано со повеќе инвестициски фондови со повеќекратно плаќање на премија.

**Член 5**

Техничкиот план на производот од член 1 на оваа Одлука и Условите за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Лајф Инвест 2 (WLUL-10/2024) се составен дел на оваа Одлука.

**Член 6**

Техничкиот план на производот од член 1 и Условите за животно осигурување од член 2 на оваа Одлука, заедно со оваа Одлука, ќе бидат доставени до Агенцијата за супервизија на осигурување.

**Член 7**

Усвоените Услови за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Лајф Инвест 2 (WLUL-10/2024) ќе се достават до сите дистрибутивни канали на Друштвото кои го продаваат овој производ.

**Член 8**

Оваа Одлука стапува во сила на денот на донесувањето, а новиот производ „Лајф Инвест 2“ вклучително и Условите за животно осигурување поврзано со повеќе инвестициски фондови Лајф Инвест 2 (WLUL-10/2024), како и Техничкиот план на производот, ќе се применуваат од 01.09.2024 година.

**Образложение**

Управниот одбор на Друштвото одлучи да воведе нов производ „Лајф Инвест 2" кој претставува осигурување на живот во врска со повеќе инвестициски фондови со повеќекратна уплата на премија. Воведувањето на овој производ е со цел да се понуди нов производ на клиентот Акционерско Осигурително Брокерско Друштво ВФП АД Скопје, согласно неговите потреби.

Согласно членот 163 на Законот за супервизија на осигурување Друштвото за осигурување е должно во случај на воведување нов производ за тоа да ја извести Агенцијата за супервизија на осигурување, најдоцна во рок од 5 работни дена од усвојувањето на Одлуката, а согласно одредбите на *Правилникот за содржината на редовните известувања кои друштвата за осигурување и/или реосигурување и други лица ги доставуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување согласно Законот за супервизија на осигурување,* Друштвото е должно заедно со Одлуката, до Агенцијата да ги достави и условите на осигурување и техничките основи кои се користени за нивно утврдување. Во таа насока, а во согласност со своите законски и статутарни овластувања, Управниот одбор на Друштвото одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Акционерско друштво за осигурување**
**ВИНЕР ЛАЈФ-Виена Иншуренс Груп Скопје**
Претседател на управен одбор

Дарко Дедиќ

Член на управен одбор

Елена Јакимовска Петровска

Член на управен одбор

Милан Антовски

www.winnerlife.mk
Ул. ,,11 Октомври,, бр. 25 кат 8 1000 Скопје, Р. Македонија Тел:+389 (02) 3114 333 е-пошта: life@winnerlife.mk